РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I PROKURORËVE PUBLIK I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

**Бр. 02-33/5**
**Скопје, 25.02.2025 година**

Записник од триесет и деветта седница на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија одржана на 25.02.2025 година

Присутни:
г-дин м-р Башким Бесими – Претседател
г-ѓа Марјана Илиеска – Заменик претседател
г-дин Фатих Алиу -член
г-дин Ардиан Демири -член
г-ѓа Душица Димитриеска –член
г-ѓа Јелена Догазанска Колева - член
Г-ѓа Кети Петкова-член
г-дин Ермон Незири -член
г-ѓа Зорица Павловиќ -член
г-ѓа Светлана Стојковиќ –член

Претседателот на Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија г-дин Башким Бесими констатираше дека на седницата се присутни мнозинството членови на Советот, со што се исполнети условите за одржување на триесет и деветата седница на Советот и воедно го предложи дневниот ред:

**Дневен ред**

1. Донесување на одлука за утврдување на бројот на слободни јавно обвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години
2. Разгледување и усвојување на Годишен извештај за работата на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2025 година
3. Разгледување и усвојување на завршна сметка на Советот на јавните обвинители на РСМ за 2025 година
4. Разно.

Вака предложениот дневен ред едногласно беше усвоен од страна на членовите на Советот.

Под точка еден од дневниот ред Претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека согласно предвидената систематизација за бројот на јавни обвинители во основните јавни обвинителства

констарирано е дека слободни јавно обвинителски места има во следните јавни обвинителства и тоа :

ОЈО Скопје две јавно обвинителски места,

ОЈО Кавадарци едно јавнообвинителско место, ОЈО Гевгелија три јавнообвинителски места, ОЈО Крива Паланка три јавнообвинителски места, ОЈО Куманово две јавнообвинителски места, ОЈО Велес две јавнообвинителски места, ОЈО Битола пет јавнообвинителски места, ОЈО Охрид едно јавнообвинителско место, ОЈО Прилеп три јавнообвинителски места, ОЈО Ресен две јавнообвинителски места, ОЈО Струга две јавнообвинителски места, ОЈО Гостивар едно јавнообвинителско место, ОЈО Кичево четири јавнообвинителски места, ОЈО Тетово три јавнообвинителски места, ОЈО Штип едно јавнообвинителско место, ОЈО Радовиш две јавнообвинителски места, ОЈО Берово две јавнообвинителски места, ОЈО Делчево едно јавнообвинителско место, ОЈО Кочани три јавнообвинителски места, ОЈО Свети Николе едно јавнообвинителско место и ОЈО Струмица три јавнообвинителски места. Наведе дека бројот на слободни јавно обвинителски места изнесува околу 47 јавни обвинители кои во моментот фалат по обвинителствата во РСМ, без ЈОРСМ и вишите јавни обвинителства. Воедно кажа дека во ВЈО Скопје фалат пет јавни обвинители, во ВЈО Битола пет јавни обвинители, ВЈО Штип еден јавен обвинител и во ВЈО Гостивар еден јавен обвинител. Кажа дека ако некој јавен обвинител од основните јавни обвинителства биде избран во вишите јавни обвинителства бројката од 47 јавни обвинители може да се зголеми и до недостаток од 55 јавни обвинители. Од тие причини предложи Советот да донесе одлука за 55 јавно обвинителски места по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред. Откако никој не зема збор, предлогот на претседателот на Советот едногласно беше прифатен и усвоен од страна на членовите на Советот.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија донесе одлука за утврдување на 55 слободни јавно обвинителски места за Академската 2027/2029 година за јавни обвинители во основните јавни обвинителства.**

Под точката два од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими кажа дека Годишниот извештај на Советот за 2025 година е поделен на членовите на Советот на разгледување, по што отвори дискусија по оваа точка од дневниот ред.

Збор зема г-ѓа Светлана Стојковиќ која кажа дека согласно Законот за Советот на јавните обвинители и Деловникот за работа, Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија за својата работа изготвува годишен извештај и по неговото усвојување го доставува до Собранието, Владата и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, а го објавува и на својата веб страница. Кажа дека била дел од работната група која го изработила Предлог годишниот извештај за работата на Советот за 2025 година, којшто сега се разгледува, а сите

членови на Советот се запознаени со истиот. Понатаму кажа дека Советот на јавните обвинители согласно Уставот и законите ја гарантира самостојноста на јавните обвинители во извршувањето на нивната функција, врши контрола над нивното работење и работи на зголемување и одржување на довербата на јавноста во правосудниот систем, која е од круцијално значење за правилно имплементирање на принципот на владеење на правото. Во таа смисла, кажа дека Советот на јавните обвинители во извештајната 2025 година донесе Правилник за начинот на водење на постапка за обезбедување и гарантирање на самостојноста на јавните обвинители, како и Стратегија за комуникација и транспарентност 2025-2028 година. При вршење на својата функција, Советот на јавните обвинители и во 2025 година продолжи да ги следи состојбите во јавните обвинителства, работата на јавните обвинители врз основа на оцената на нивната работа, ги разгледуваше годишните извештаи на Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција, на Вишите јавни обвинителства и на Основните јавни обвинителства, а членовите на Советот имаа увид и во месечните извештаи на јавните обвинители. Од страна на Советот во 2025 година се објавија повеќе огласи за избор на јавни обвинители, при што изврши избор на јавни обвинители во основните јавни обвинителства во РСМ од редот на пријавените кандидати од VIII-мата генерација со завршена Академија за судии и јавни обвинители, во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција и Вишото јавно обвинителство Скопје, а изврши избор и на основни јавни обвинители на неколку основни јавни обвинителства. Покрај тоа, Советот на крајот на извештајната година донесе одлука за определување на вршител на должност Виш јавен обвинител на ВЈО Скопје и одлука за вршител на функција Јавен обвинител на Република Северна Македонија. Од страна на Советот се донесоа и одлуки за престанок на функцијата јавен обвинител најчесто поради исполнување на услови за старосна пензија, а во еден случај беше констатиран престанок на функцијата јавен обвинител по сопствено барање. Советот одлучуваше и во жалбена постапка против одлука за оддалечување од вршењето на функцијата јавен обвинител за време додека трае дисциплинската постапка поведена против истиот, како и против решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност на двајцата јавни обвинители во вршење на јавнообвинителска функција. Согласно надлежноста, Советот на јавните обвинители и во 2025 година постапуваше по претставки и предлози поднесени од страна на граѓаните. Статистичките податоци покажуваат дека бројот на претставките и поплаките на граѓаните во оваа извештајна година бележи благо зголемување споредбено со претходната година, а странките најчесто се жалеа околу ажурноста на јавнообвинителските постапки, стручноста во постапувањето, законитоста и квалитетот на јавнообвинителските одлуки. Како и претходната година, Советот активно соработуваше со други институции, невладини организации, како и со медиумите и новинарите во врска со активности поврзани со вршењето на негова функција. Во текот на 2025 година Советот преку свои претставници зеде активно учество во работните групи за изработка на Предлог законот за изменување и дополнување на Законот

за јавното обвинителство и на Законот за Советот на јавните обвинители, кои предлози се поминати и пред Венецијанската комисија и во моментот се чека на нивно усвојување од страна на законодавниот дом.

Во понатамошното излагање на Предлог годишниот извештај за работата на Советот за 2025 година, се осврна подетално на седниците на Советот и што се било точка на дневен ред на истите, на објавените огласи за избор на јавни обвинители, на изборите за јавни обвинители во таа година, со статистички податоци, на престанокот на функцијата на јавните обвинители, на соработката на Советот со други институции, државни органи, како и меѓународна соработка, на кадровската состојба и материјални услови, внатрешната организација, како и средствата за работа и буџет на Советот.

Заменик претседателот на Советот г-ѓа Марјана Илиеска кажа дека во текот на 2025 година, од страна на Советот било констатирано престанок на функцијата јавен обвинител на четворица јавни обвинители и тоа на тројца јавни обвинители поради исполнување на услови за старосна пензија од кои еден ЈО од ОЈО Скопје, еден ЈО од ОЈО Кичево и еден ЈО од ОЈО Струмица, а на еден ЈО му престанала функцијата по сопствено барање. Како резултат на измените на ЗРО со кои било дадена можност на јавните обвинители да продолжат со вршење на јавнообвинителската функција, Советот во текот на 2025 година донесе решенија за продолжување на функцијата јавен обвинител на пет јавни обвинители кои поднеле барање во закоскиот рок. Во оваа извештајна година Советот поради распишувањето на локалните избори во РСМ, не можел да постапува и да одлучува за избор на јавни обвинители, ниту во дисциплински постапки за временскиот период од распишувањето на изборите па се до завршувањето на истите. Во текот на 2025 година по повод претходно поведена дисциплинска постапка против двајца јавни обвинители, Советот постапувајќи по изјавени жалби од страна на виш јавен обвинител на ВЈО Скопје, против решенијата на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност во вршење на јавнообвинителска функција со кое било одлучено да не се поведува постапка за утврдување на нивна дисциплинска одговорност поради ненавремено поднесување на предлогот за поведување на дисциплинска постапка донело решение со кои ги укинало решенијата на Комисијата и предметите за двајцата јавни обвинители ги вратила на повторно постапување. Истакна дека во оваа извештајна година Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност во вршење на јавнообвинителска функција донела решенија во две одделни постапки со кои утврдила дека двајцата јавни обвинители од ВЈО Скопје, се одговорни за сторена тешка дисциплинска повреда, па така за еден јавен обвинител поднело предлог до Советот да му биде изречена мерка разрешување од функција јавен обвинител, а на другиот јавен обвинител му изрече дисциплинска мерка намалување на месечна плата во висина од 30% од исплатена нето плата во траење од 6 месеци. Наведе дека против ваквите решение биле изјавени жалби и од страна на ЈО на РСМ како и од самите јавни обвинители во ВЈО Скопје, од кои еден во текот на постапката пред жалба во Советот поднел барање за престанок на

функцијата јавен обвинител., додека постапката по жалба по однос на другиот јавен обвинитрел сеуште не беше завршена до крајот на 2025 година. Кажа дека согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за Советот на јавните обвинители на РСМ во оваа извештајна година Советот постапувал и по претставки поднесени од страна на физички и правни лица кои се однесуваат на работењето на јавните обвинители. Па така до Советот биле поднесени 152 претставки и споредбено со претходната година кога биле евидентирани 147 претставки забележително е благо зголемување. Кажа дека најголем број на претставки односно 128 се поднесени од страна на физички лица, 18 од правни лица, 4 анонимни и 2 претставки од други во смисла на УЈП, ДКСК и др. институции. Наведе дека најчесто преставките биле поднесени од лица со статус на оштетени и тоа 140 лица, 6 претставки се поднесенои од страна на обвинети лица и 6 од други заинтересирани лица. Кажа дека од вкупно поднесените 152 претставки, една претставка е поднесена спрема јавни обвинители од ЈОРСМ, 12 спрема јавни обвинители од ОЈО ГОКК-Скопје, а најмногу односно 83 претставки спрема јавни обвинители од подрачјето на ВЈО Скопје, а останатите може да се види во табеларниот преглед од табелите на извештајот. Исто така кажа дека Советот постапувал и по други поднесоци односно 191 што во однос на евидентираните 156 во 2024 година, претставува одредено зголемување во обемот на работата. Истакна дека во оваа извештајна година Советот постапувал по две барања за пристап до информации од јавен карактер, согласно законот за слободен пристап до информации од јавен каракрет како имател на информации, а кои се грижи и редовно да води и да ја ажурира листа на информации со кои располага и да ги објавува на веб страната на Советот.

Г-дин Ардиан Демири се осврна во делот на кадровската состојба во јавните обвинителства во РСМ. Кажа дека е поделен на два дела и тоа општи податоци и според планираната систематизација на јавно обвинителските места во јавните обвинителства. Во делот на општите податоци кажа дека општ заклучок е непочитувањето на изнесената проекција за бројот на јавнообвинителски места кој Советот го има доставено до АСЈО, исто како и Судскиот совет на РСМ. Кажа дека се работи за кандидати од 8-та генерација кои ја имаат завршено АСЈО и требало да бидат избрани за јавни обвинители, при што од предвидените 47 кандидати, само 29 биле избрани за јавни обвинители, додека останатите по повторен оглас објавен од страна на Судскиот совет на РСМ, се имаат пријавено и воедно биле избрани за судии во основните судови во РСМ. Кажа дека согласно предвидената систематизација на јавнообвинителски места во РСМ вкупната бројка изнесува 261 јавен обвинител, но заклучно со периодот 31.12.2025 година функцијата јавен обвинител ја извршувале вкупно 194 јавни обвинители или 67 јавни обвинители помалку. Истакна дека за разлика од извештајната 2024 година има подобрување во овој дел, бидејќи биле пополнети слободни јавнообвинителски места со кандидатите од 8-та генерација со завршена АСЈО. Наведе дека во извештајната 2025 година било утврдено престанок на фукцијата јавен обвинител на 4-ца јавни обвинители и тоа тројца поради исполнување на услови за староснна пензија и еден јавен обвинител по сопствено барање. Кажа дека има и

статистички податоци во делот на етничката и половата пополнетост на јавнообвинителските места, при што кажа дека од вкупниот број на јавни обвинители мажи се 87 жени 107, македонци 133, албанци 44, срби 2, турци 6, власи 5, црногорци 1 и бошњаци 3. Истакна дека во сите јавни обвинителства во РСМ имал помал број на јавни обвинители од предвидените согласно утврдената систематизација на јавнообвинителски места во РСМ.

Откако никој не зема збор, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими го стави на гласање Годишниот извештај за работата на Советот за 2025 година.

**Заклучок: Едногласно од страна на членовите на Советот беше усвоен Годишниот извештај за работата на Советот за 2025 година.**

Под точката три од дневниот ред претседателот на Советот г-дин Башким Бесими и даде збор на г-ѓа Елена Трајкова-Раководител на одделението за финансиско и буџетско работење во Советот. Г-ѓа Елена Трајкова кажа дека согласно законот, Советот треба да изготви и достави завршна сметка. Кажа дека буџетот на Советот заклучно со 31.12.2025 година изнесувал 33.579.000,00 денари, а вкупната резлизација е 32.240.304,00 денари. Наведе дека тоа е 96% од вкупниот буџет на Советот. Во кратки црти ги запозна членовите на Советот како се трошени тие средства по ставки и тоа за плати и придонеси, надоместоци, комунални услуги, материјали и ситен инвентар, поправки и одржување,набавка на информатичка опрема, како и други договорни услиги. Откако г-ѓа Елена Трајкова заврши со излагањето на завршната сметка на Советот за 2025 година, претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја стави на гласање.

**Заклучок: Советот на јавните обвинители на РСМ, донесе одлука со која едногласно беше усвоена завршната сметка на Советот за 2025 година.**

Под точка разно збор зема г-ѓа Кети Петкова и во интерес на транспарентноста на Советот, а по повод јавната прозивка од Министерот за права на РСМ упатена до Советот да свика итна седница и да го разгледа постапувањето на јавните обвинители во случајот со поранешниот вицепремиер Артан Груби, за да утврди дали постои одговорност кај јавните обвинители, треба да ја информираме јавноста дека Советот во рамките на законските надлежности , согласно член 28 од Законот за јавното обвинителство, во оваа фаза на постапката нема надлежност да врши надзор над законитото постапување на јавните обвинители, туку надзорот исклучиво го врши непосредно повисокото јавно обвинителство, па може да се заклучи дека СЈОРСМ не е надлежно во оваа фаза на постапката , туку за тоа е надлежен јавниот обвинител на РСМ .

Од страна на членовите на Советот на јавните обвинители на РСМ беше одлучено да се оди со соопштение, кое ќе биде објавено на веб страницата на Советот.

Откако никој не зема збор претседателот на Советот г-дин Башким Бесими ја заклучи триесет и деветата седница на Советот.

Записникот го водел
Аспарух Мисајловски
Генерален Секретар

**СОВЕТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Башким Бесими**